Јавно претпријатие за комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр 04-65/6
05.02.2026 год.
Охрид

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник бр.27/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/20 , 215/2021,99/22 и 208/24) и член 23 од Статутот на ЈП "Охридски Комуналец "Охрид, Директорот на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**За избор на кандидати по објавен јавен оглас број 1167/2025 за вработување на административни службеници во ЈП"Охридски Комуналец" Охрид**

**Член 1**

Во врска со Јавниот Оглас за вработување на административен службеник бр.1167/2025, објавен од страна на ЈП" Охридски Комуналец " Охрид преку Агенцијата за администрација на РСМ и во дневните весници Нова Македонија, Вечер, Лајм, а на предлог на Агенцијата за администрација на РСМ, ЈП"Охридски Комуналец" Охрид за вработување го избра кандидатот Мимоза Абазоска.

**Член 2**

ЈП "Охридски Комуналец " Охрид ќе склучи договор за вработување со кандидатот Мимоза Абазоска за работно место Помлад референт-Оператор за наплата и документација, Одделение за наплата, Сектор за финансии, сметководство и комерција КДР0102Г04025.

**Член 3**

Кандидатот наведен во член 1 од оваа Одлука со идентификациски код број 969067F, учествуваше во постапката за селекција за вработување која се состои од 3 фази:административна селекција, испит за административен службеник и проверка на веродостојност на докази и интервју и освои вкупно 74.95 бодови.

**Член 4**

При донесување на оваа Одлука Директорот на Јавното претпријатие го имаше во предвид Предлогот за вработување на кандидат по јавен оглас 1167/2025 доставен од Агенцијата за администрација на РСМ, број 10-298/5 (Наш број 04-65/5 од 04.02.2026 година.)

**Член 5**

Со избраниот кандидат ќе се склучи решение односно договор за вработување на неопределено време, по конечноста на оваа Одлука.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави Жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за Администрација.

**ЈП Охридски Комуналец Охрид**
**Директор**
**м-р Сашо Најдески**

Јавно претпријатие за комунална дејност "Охридски Комуналец" Охрид 1